РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 17 точка ѓ) и член 45 став (9) и (10) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007 98/2008, 83/2010, 13/2012 и 59/2012) и член 5 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008 и 40/2011), во постапка на измена на референтната понуда за интерконекција на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 29.11.2012 година донесе

## О Д О Б Р Е Н И Е

I

СЕ ОДОБРУВА измена на Референтната понуда за интерконекција, доставена со допис број 0601-1374/1 од 28.10.2012 година на НЕОТЕЛ ДОО Скопје.

II

СЕ ЗАДОЛЖУВА НЕОТЕЛ ДОО Скопје, во рок од 5 дена од денот на приемот на ова одобрение да ја објави измената на Референтната понуда за интерконекција од точка I на ова одобрение и истата да ја применува првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој е добиено ова одобрение.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации со решение број 02-3444/1 од 01.10.2012 година го задолжи НЕОТЕЛ ДОО Скопје да изврши измена на референтната понуда за интерконекција на начин определен во точката I од диспозитивот на решението.

Постапувајќи по горе наведеното решение, а во согласност со член 45 став (9) од Законот за електронските комуникации, НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со допис број 0601-1374/1 од 28.10.2012 година до Агенцијата за електронски комуникации достави на одобрување измена на референтната понуда за интерконекција .

Во постапката на одобрување на доставената измена на Референтната понуда за интерконекција, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека измената е во согласност со задолжението на Агенцијата за електронски комуникации определено во точка I од диспозитивот на решението број 02-3444/1 од 01.10.2012 година

Со оглед на ова, а во согласност со член 45 став (9) и (10) од Законот за електронските комуникации и член 5 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување, директорот на Агенцијата за електронски комуникации го донесе ова одобрение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одобрение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Советник за работи од областа на правото

Лилјана Денковска

Директор

Роберт Ордановски

Одобрил: Владимир Ристевски

Наш број 02 - 3444/3

Скопје 12. 12. 2012

**Измени на Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, според Решение од АЕК со архивски број 02-3444/1 од 01.10.2012 година**

**- Од главниот текст од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 3 „Интерконекциска услуга предмет на РПИ“, потточка „3.1. *Интерконекциска услуга на НЕОТЕЛ*“ став 5 се менува и гласи.**

„Повиците кои потекнуваат од корисниците на Операторот кој ќе склучи Договор за интерконекција врз основа на оваа РПИ ќе терминираат во мрежата на НЕОТЕЛ и обратно преку капацитетите во рамките на Водот за интерконекција. Дојдовен сообраќај од корисници на други оператори од Република Македонија преку конекцијата со Операторот ќе биде прифатен“.

**- Од главниот текст од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 3 „ Интерконекциска услуга предмет на РПИ “, потточка „3.1. *Интерконекциска услуга на НЕОТЕЛ*“ став 6 се брише.**

**- Од главниот текст од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 8 „Квалитет на интерконекциската услуга “, потточка „8.1. *Општи одредби за квалитет*“ се менува и гласи:**

„Квалитетот на сообраќајот за предметната Интерконекциска услуга од корисничката Пристапна точка на Операторот до Пристапна точка на НЕОТЕЛ е одговорност на Операторот, а квалитетот на предметната Интерконекциска услуга од Пристапна точка на НЕОТЕЛ до крајниот Корисник на НЕОТЕЛ е одговорност на НЕОТЕЛ“.

**- Од главниот текст од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 17 „ Доверливост и тајност на комуникации “, потточка 17.1. се менува и гласи:**

„Страните се обврзани да обезбедат доверливост и тајност на комуникациите и да постапуваат согласно релевантните законски и подзаконски акти со кои е регулирано обезбедувањето на доверливост и тајност на комуникациите и да ги користи информациите кои се однесуваат на корисниците на другата Страна само за цели на реализирање на обврските согласно оваа РПИ и Договорот за интерконекција склучен врз основа на оваа РПИ и согласно релевантните прописи и одлуки на релевантните државни органи“.

**- Во „Прилог 2 Интерконекциска услуга предмет на РПИ на Неотел“ од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка „а) Услуги на интерконекција обезбедени од Неотел“, се менува и гласи:**

„Услуга за Терминирање на говорен сообраќај кој потекнува од корисници во Мрежата на Операторот во Република Македонија кон корисници од мрежата на НЕОТЕЛ“.

**- Во „Прилог 8 Нумерација“ од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 1.1, се менува и гласи:**

„Страните ќе користат негеографски и географски броеви или серии на броеви за кои е издадено соодветно Решение од АЕК“.

**- Во „Прилог 8 Нумерација“ од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 1.3, се менува и гласи:**

„Националните повици примени од корисници од други мрежи во Република Македонија ќе бидат рутирани преку мрежата на Операторот до мрежата на НЕОТЕЛ“.

**- Во „Прилог 8 Нумерација“ од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 1.4, се менува и гласи:**

„Оператор се обврзува да ги достави броевите и сериите на броеви употребени за обезбедување на Интерконекциската услуга предмет на оваа РПИ дефинирани во Прилог 2, пред започнувањето на тестирањето за Интерконекциската услуга“.

**- Во „Прилог 8 Нумерација“ од Референтната понуда на Неотел ДОО Скопје, точка 1.5, се менува и гласи:**

„Операторот ќе доставува во мрежата на НЕОТЕЛ национални повици кои доаѓаат од други броеви или серии на броеви во Република Македонија, доколку истите се наведени и договорени во Договорот за интерконекција склучен врз основа на оваа РПИ. Исклучок од ова се повиците генерирани од пренесените броеви“.